# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

**на Друштвото за изградба, управување и издавање**

**на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје**

**за период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година**

Друштво за изградба,управување и издава
на повеќенаменска сала
БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ
Бр. 05 – 529/1
04.07 2019 год.
СКОПЈЕ

**Скопје, Јули 2019**

**Воведни напомени**

Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје е основано во Јули 2006 година од Владата на Република Македонија со основна цел доизградба на повеќенаменска сала во Скопје, која претходно беше започната да се гради од страна на Град Скопје.

Основачкиот влог на Друштвото на 30.06.2019 година изнесува 1.540.776.661,00денари, кој се состои од 1.425.440.000,00 денари паричен влог и 115.336.661,00 денари непаричен влог, односно влог во основни средства.

Состојбата на оснивачкиот влог во текот на првиот квартал 2019 година е зголемена за 60.000.000,00 денари со Одлука на Владата на Република Македонија по основ на зголемување на основна главнина на Друштвото.

## 1. БИЛАНС НА УСПЕХ

| | БИЛАНС НА УСПЕХ | 01.04-30.06.2018 | 01.04-30.06.2019 | разлика | коментар |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| рб | опис | износ | износ | =3-2 | опис |
| 1 | **приходи од дејност** | **14.319.743** | **16.952.106** | **2.632.363** | **зголемени** |
| | приходи од издавање на Арената/740026,740100,740116,742100, 740130, 745000 | 2.832.895 | 2.411.684 | -421.211 | приходите се намалени од причина што во 2018 година е одржан еден концерт повеќе |
| | приходи од Пливачки базен/740027,740101, | 3.074.984 | 4.464.809 | 1.389.825 | зголемени |
| | приходи од закупнини/747100 do 747109 | 3.767.867 | 4.164.035 | 396.168 | зголемени |
| | приходи од мала сала/740016,740115 | 944.416 | 438.969 | -505.447 | намалени поради помал број на настани |
| | приходи од тениски терени/740036,740128 | 90.000 | 90.000 | 0 | исти |
| | приходи од прод на стоки и услуги куглана/740019,740015,740103,740113,741019,741113 | 461.123 | 728.736 | 267.613 | зголемени |
| | приходи од аква парк/740021,740025, | 301.133 | 1.774.275 | 1.473.142 | зголемени |
| | приходи од лизгалиште/740033,740044,740107 | 4.831 | 0 | -4.831 | минимално намалување |
| | приходи од брендирање- реклама ВИП/740137 | 1.844.814 | 1.844.850 | 36 | исти |
| | останати приходи-аеробик,фитнес,пинг понг,сауна | 997.680 | 1.034.748 | 37.068 | зголемени |
| 2 | **расходи од основна дејност** | **26.041.209** | **23.590.279** | **-2.450.930** | **намалување** |
| | *потрошен материјал, набавна вредност и амортизација* | 15.111.621 | 12.125.295 | -2.986.326 | намалување |
| | набавна вредност на продадени стоки/701000,701003,400000 | 92.824 | 164.232 | 71.408 | расходите во кугланата се повисоки од причина што е зголемена продажбата на стоките |
| | потрошени материјали/,401000, 401300,401800,401900,405000, | 281.392 | 0 | -281.392 | намалување |
| | канцелариски материјал/401001,401003 | 3.882 | 2.020 | -1.862 | намалување |
| | материјал за тековно одржување 401201 | 2.661.750 | 509.060 | -2.152.690 | намалување |
| | трошоци за хигиена/401200,401202 | 0 | 0 | 0 | намалување |
| | отпис на ситен инвентар | 1.492.566 | 0 | -1.492.566 | намалување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | амортизација на основни средства/432101 | 10.579.207 | 11.449.983 | 870.776 | зголемена амортизација поради зголемената вредност на основните средства со процената на 31.12.2018 за 6 месеци |
| | *потрошена енергија* | 2.809.014 | 3.450.647 | 641.633 | зголемување на режиските трошоци |
| | електрична енергија/403000, 447700 | 2.012.688 | 2.441.719 | 429.031 | зголемување на режиските трошоци |
| | топлинска енергија/403100,403401 | 250.923 | 420.060 | 169.137 | зголемување на режиските трошоци |
| | бензин и дизел гориво/403400 | 78.933 | 41.697 | -37.236 | намалување на отроувачката на гориво |
| | трошоци за вода и комунална хигиена/415000,415001,415100,447710,415002 | 466.470 | 547.171 | 80.701 | зголемување на режиските трошоци |
| 23 | *трошоци за услуги* | 845.269 | 823.611 | -21.658 | намалување на трошоците за услуги |
| | ПТТ, интернет и транспортни услуги/411000,411001,411200 | 29.785 | 31.600 | 1.815 | поштенските услуги поскапеа 100% |
| | фиксна телефонија 411100 | 0 | 0 | 0 | нема ваков трошок |
| | мобилна телефонија/411110 | 69.719 | 50.150 | -19.569 | намалување на трошоците за мобилна телефонија |
| | банкарски услуги/446 | 39.315 | 49.350 | 10.035 | зголемување |
| | одржување на основни средства, софтвер, обезбедување, филтрирање на вода во Пливачки базен и рекреативен аква парк/413,419632,419636, 419637 | 706.450 | 692.511 | -13.939 | намалување |
| | списанија и стручна литература 449100 | 0 | 0 | 0 | нема ваков трошок |
| 24 | *трошоци за вработени* | 6.477.804 | 6.526.736 | 48.932 | минимално зголемување |
| | нето плати/421100 | 4.419.472 | 4.431.335 | 11.863 | минимално зголемување |
| | придонеси и даноци/421400,421401 | 2.058.332 | 2.095.401 | 37.069 | минимално зголемување |
| 25 | *надомест за трошоци за работа* | 31.784 | 26.348 | -5.436 | намалување |
| | трошоци за службени патувања | 19720 | 0 | -19.720 | во 2019 година немаме вакви трошоци |
| | други надоместоци за вработените/422,440,441 | 850 | 0 | -850 | во 2019 година немаме вакви трошоци |
| | трошоци за промоција и репрезентација/444 | 11.214 | 26.348 | 15.134 | зголемување на трошоците за репрезентација |
| 26 | *останати услуги* | 765.717 | 637.642 | -128.075 | намалување |
| | адвокатски и нотарски услуги/449020,449050,449052,449210,449011 | 92.790 | 86.814 | -5.976 | намалување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | надомест за членовите на надзорен одбор/442 | 84.816 | 120.008 | 35.192 | овие трошоци се непроменети а разликата се јавува поради различен период на книжење |
| | административни и судски такси/447800,447920,449903,469400 | 1.700 | 3.720 | 2.020 | минимално зголемување |
| | премии за осигурување/445 | 188.210 | 96.456 | -91.754 | намалување |
| | останати услуги/419010,419111,419120,419401,419633,419620, 419014 | 7.109 | 12.629 | 5.520 | минимално зголемување |
| | трошоци за услуги од агенции и консултанти/449003,449004,449008,449005,449905, | 216.070 | 200.250 | -15.820 | намалување |
| | трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 0 | 0 | нема ваков трошок |
| | останати нематеријални трошоци/447201,447700,447701,449010,449013,449070,449080,449200,449400,449401,449900, 449910, 419620,449911, | 175.022 | 117.765 | -57.257 | намалување |
| | добивка/ загуба од основна дејност | -11.721.466 | -6.638.173 | 5.083.293 | споредбено со 2018 година имаме подобрување на резултатот од основна дејност за 5.083.293,00 |
| 3 | останати приходи | 2.017.029 | 1.342.281 | -674.748 | намалување од причина што во 2018 година имаме наплата на судски спорови кои биле отпишани а во 2019 година нема |
| | приходи од донацијата од АЕК и АМС (пренос од резервирани приходи)/767200 | 1.114.495 | 1.139.137 | 24.642 | со зголемување на амортизацијата на основните средства се покачува и овој риход од донаци согласно МСС16 |
| | приходи од одобренија од добавувачи | 0 | 0 | 0 | нема вакви приходи |
| | приходи од камати ,курсни разлики/774,775, | 480 | 2104 | 1.624 | минимално зголемување |
| | Приходи од наплатени отпишани побарувања/765000,765100,765300 | 626.210 | 0 | -626.210 | намалување од причина што во 2018 година имаме наплата на судски спорови кои биле отпишани а во 2019 година нема |
| | останати фин Приходи- отпис на обврски | 0 | 0 | 0 | нема вакви приходи |
| | приходи од вишоци по попис | 0 | 0 | 0 | нема вакви приходи |
| | вишок по попис/764 | 0 | 0 | 0 | нема вакви приходи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | останати приходи /756,768,769,771,779, | 275.844 | 201.040 | -74.804 | помала наплата за надомест на штета од осигурителните компаниик |
| | вредносно усогласување на објекти и земјиште/ 751 | 0 | 0 | 0 | нема вакви приходи |
| 4 | останати расходи | 2.657 | 1.649 | -1.008 | |
| | камати од облигациони односи, негативни курсни разлики/470200,474900,475000 | 2.657 | 1.649 | -1.008 | минимално зголемување |
| | камати на јавни давачки 479201 | 0 | 0 | 0 | нема вакви трошоци |
| | дополнително утврдени расходи од минати години,одобренија/469,456,460,467, | 0 | 0 | 0 | нема вакви трошоци |
| | отпис на побарувања, кусоци | 0 | 0 | 0 | нема вакви трошоци |
| | отпис на побарувања, кусоци,кало,растур и крш/464 | 0 | 0 | 0 | нема вакви трошоци |
| | вредносно усогласување на објекти и земјиште,постројки и опрема /451 | 0 | 0 | 0 | нема вакви трошоци |
| | вкупни расходи | 26.043.866 | 23.591.928 | -2.451.938 | вкупните расходи бележат намалување од 2.451.938,00 |
| | вкупни приходи | 16.336.772 | 18.294.387 | 1.957.615 | зголемување за 1.957.615,00 |
| | добивка/ загуба пред оданочување | -9.707.094 | -5.297.541 | 4.409.553 | резултатот во 2019 година е за 4.409.553,00 подобрар од 2018 година |

*НАПОМЕНА-во билансот на успех се иземени приходите и расходите од самитот како би се добил вистински приказ за работењето на друштвото

| месец | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| | вработени во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје | вработени во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје |
| Април | 75 | 75 |
| Мај | 75 | 75 |
| Јуни | 75 | 71 |

Нето платата за Април 2019 година изнесува 2.203.605,00 денари

Нето платата за Мај 2019 година изнесува 2.105.651,00 денари

Нето платата за Јуни 2019 година изнесува 2.170.694,00 денари

Во извештајниот период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година споредбено со истиот период во 2018 година приходите од дејност бележат зголемување за 2.632.363,00 денари.

Приходите од дејност ги сочинуваат: приходите од Арената, Пливачкиот базен, закупнините, малата сала, Кугланата, Лизгалиштето, брендирање на Спортскиот Центр БОРИС ТРАЈКОВСКИ Скопје, како и остантите приходи (Аеробик центарот, Фитнес центарот, Тениските терени, Пинг-понг центарот, Сауната и сл.)

Приходите од Арената бележат намалување од 421.211,00 денари и истите се во вредност од 2.411.684,00 денари. Ова намалување се јавува како резултат на одржан еден концерт повеќе во 2018 година.

Приходите од Пливачкиот базен бележат зголемување во висина од 1.389.825,00 денари и изнесуваат 4.464.809,00 денари.

Приходите од закупнини бележат зголемување во висина од 396.168,00 денари и изнесуваат 4.164.035,00 денари.

Приходите од Мала сала бележат намалување од 505.447,00 денари и изнесуваат 438.969,00 денари. Намалувањето се јавува како резултат на помалку одржани настани во 2019 година.

Приходите од Куглана бележат зголемување во висина од 267.613,00 денари и изнесуваат 728.736,00 денари.

Кај приходите од Аква Паркот се јавува зголемување во висина од 1.473.142,00 денари и истите изнесуваат 1.774.275,00 денари.

Приходите од Лизгалиштето бележат минимално намалување од 4.831,00 денари.

Приходите од брендирање во овој квартален период изнесуваат исто како и во 2018 година 1.844.850,00 денари, како и приходите од тениските терени кој за двте споредбени години изнесуваат 90.000,00 денари.

Останатите приходи бележат зголемување од 37.068,00 денари и истите изнесуваат 1.034.748,00 денари.

Расходите од основната дејност бележат намалување во висина од 2.450.930,00 денари. Расходите од основна дејност ги сочинуваат: трошоци за потрошени материјали, набавна вредност и амортизација, потрошена енергија, трошоци за услуги, трошоци за вработени, надомест за трошоци за работа и трошоци за останати услуги.

Трошоците за набавна вредност на продадени стоки во Кугланата бележат зголемување од 71.408,00 денари поради зголемување на продажбата на пијалоци во Кугланата.

Трошоците за потрошени материјали, бележат намалување во висна од 281.392,00 денари и истите изнесуваат 0,00 денари.

Трошоците за канцелариски материјал бележат намалување во висна од 1.862,00 денари и истите изнесуваат 2.020,00 денари.

Трошокот за материјали за тековно одржување бележи намалување во висина од 2.152.690,00 денари, трошоците за хигиена изнесуваат 0,00 денари.

Трошоците за отпис на ситен инвентар изнесуваат 0,00 денари и се намалени за 1.492.566,00 денари.

Торшокот за амортизација изнесува 11.449.983,00 денари и е зголемен за 870.776,00 денари поради новата процена на основните средтва од страна на овластени проценители на 31.12.2018 година и ова золемување е за пресметковен период од 6 месеци.

Трошоците за потрошена енергија бележат зголемување во висина од 641.633,00 денари и истите изнесуваат 3.450.647,00 денари. Се состојат од: трошоци за електрична енергија зголемени за 429.031,00 денари и истите изнесуваат 2.441.719,00 денари, трошоците за топлинаска енергија зголемени за 169.137,00 денари, трошоците за бензин и дизел гориво се намалени за 37.236,00 денари и трошоците за вода и комунална хигиена зголемени за 80.701,00 денари.

Трошоците за услуги белжат намалување во висина од 21.658,00 денари и истите изнеуваат 823.611,00 денари. Во овие трошоци спаѓаат трошоците за ПТТ, интернет, транспортни услуги, фиксна телефонија, мобилна телефонија, банкарски услуги и одржување на основни средства, софтвер и обезбедување.

Кај трошоците за ПТТ, интернет и транспортни услуги има незначително зголемување од 1.815,00 денари и истите изнесуваат 31.600,00 денари. Се очекува во следните пресметковни периоди исто така да бидат зголемени од причина што секоја пратка е поскапена за 100 % споредбено со 2018 година.

Трошоците за мобилна телефонија бележат намалување во висина од 19.569,00 денари и истите изнесуваат 50.150,00 денари.

Банкарските услуги бележат зголемување од 10.035,00 денари и изнесуваат 49.350,00 денари.

Трошоците за одржување на основни средства, софтвер и обезбедување бележат намалување од 13.939,00 денари и истите изнесуваат 692.511,00 денари.

Трошоците за вработени се состојат од: трошоци за нето палти, придонеси и донации, и истите бележат зголемување во висна од 48.932,00 денари поради зголемен обем на работа и покачување на платите и се во висина од 6.526.736,00 денари.

Трошоците за надоместок за работа се состојат од: трошоци за службен пат кој изнесуваат 0,00 денари и се намалени за 19.720,00 денари од претходната година, други надоместоци за вработени кој се намалени за 850,00 денари и истите во 2019 година изнесуваат 0,00 денари и трошоците за промоција и репрезентација кои бележат зголемување од 15.134,00 денари.

Трошоците за осанати услуги бележат намлување од 128.075,00 денари и се состојат од: адвокатски и нотарски услуги кои бележат намлување од 5.976,00 денари, трошоци за надомест на членови на надзорен одбор кој бележат зголемување од 35.192,00 денари и истите изнесуваат 120.008,00 денари, кое зоголемување се јавува поради различен период на книжење, трошоци за административни и судски такси кој бележат минимално зголемување од 2.020,00 денари, трошоци за премија од осигурување кој бележат намалување од 91.754,00 денари, трошоците за останати услуги бележат минимално зголемување во висина од 5.520,00 денари и истите изнесуваат 12.629,00 денари, трошоците за услуги од агенции и консултанти бележат намалување од 15.820,00 и останатите нематеријани трошоци бележат намалување во висина од 57.257,00 денари.

Ако се споредат вкупните приходи од основна дејност и вкупните расходи од основна дејност се добива загуба од 6.639.173,00 денари или помала загуба од 5.083.293,00 денари споредено со 2018 година.

Ставката останати приходи бележи намалување во висина од 674.748,00 денари и иситата изнесува 1.342.281,00 денари. Овие намалување се јавуваа од причина што во 2018 година имаме поголема наплата на судски спорови, приходите од донации од АЕК и АМС изнесуваат 1.139.137,00 днеари и се зголеени за 24.642,00 денари и тоа зголемување се јавува како резултат на повисоката амортизација во 2019 година, приходите од камати и курсни разлики во висна од 2.104,00 денари и останатите приходи се во висина од 201.040,00 денари и истите се намалени за 74.804,00 денари поради опмала наплата на штета од осигурителни компании.

Остантите расходи бележат намалување во висина од 1.008,00 денари и ова намалување главно се бележи на намалените трошоци од камати од облигациони односи, негативни курсни разлики.

Вкупните приходи на Друштвото: приходи од основна дејност и останатаи приходи изнесуваат 18.294.387,00 денари и иситет се зголемени за 1.957.615,00 денари споредбенео со иститот период од 2018 година.

Вкупните расходи на Друштвото: расходи од основна дејност и останати расходи бележат намалување од 2.451.938,00 денари и иситите изнесуваат 23.591.928,00 денари.

Загубата ред оданочување изнесува 5.297.541,00 денари и е за 4.409.553,00 денари одобар финансиски резултат од 2018 година.

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | | состојба 30.06.2018 | состојба 30.06.2019 | разлика | коментар |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| рб | опис | износ | износ | 3-2 | |
| А, | СРЕДСТВА | 2.565.635.695 | 2.552.805.962 | -12.829.733 | |
| а) | *Тековни средства* | *50.400.274* | *53.688.678* | 3.288.404 | |
| | парични средства | 30.775.670 | 14.069.966 | -16.705.704 | намалување на средства на жиро сметка |
| | побарувања од купувачи | 13.563.936 | 12.860.485 | -703.451 | намалување |
| | побарувања за ДДВ и други даноци | 2.739.687 | 2.012.003 | -727.684 | намалување |
| | однапред платени трошоци | 225.812 | 22.128.469 | 21.902.657 | зголемување за камата за ПОЛИН |
| | *побарувања од вработени- аванси* | *289.418* | *202.637* | -86.781 | намалување |
| | *дадени позајмици и аванси* | *2.223.679* | *2.156.380* | -67.299 | намалување |
| | ситен инвентар и резервни делови | 526.013 | 167.898 | -358.115 | намалување |
| | стоки на залиха | 56.059 | 90.840 | 34.781 | |
| | побарувања од државни органи | | | 0 | |
| b) | *Постојани средства* | *2.515.235.421* | *2.499.117.284* | -16.118.137 | |
| 1 | Нематеријални средства | 0 | 0 | 0 | |
| | вложување во туѓи основни средства | | | 0 | |
| | софтвер, лиценци и заштитен знак | | | 0 | |
| 2 | Материјални средства | 2.883.220.581 | 2.912.198.593 | 28.978.012 | |
| | Градежно земјиште | 646.623.546 | 649.710.601 | 3.087.055 | зголемување за ревалоризација согласно проценка за 2018 год. |
| | Комплекс на Спортскиот Центар | 881.550.282 | 857.929.669 | -23.620.613 | намалување за ревалоризација согласно проценка за 2018 год. |
| | Пливачки Базен | 187.464.426 | 199.668.936 | 12.204.510 | зголемување за ревалоризација согласно проценка за 2018 год. |
| | Хокеј игралиште | 43.420.828 | 43.420.828 | 0 | не е направена процена |
| | Рекреативен аква парк градежен дел | 354.955.718 | 358.315.584 | 3.359.866 | зголемување за ревалоризација согласно проценка за 2018 год. |
| | Паркинг и партер околу сала | 0 | | 0 | |
| | Партер околу аква парк | 7.056.940 | 7.056.940 | 0 | нема промени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Тениски терен | 58.725.876 | 61.846.595 | 3.120.719 | зголемување за ревалоризација согласно проценка за 2018 год. |
| | Остаток од градежен дел | 413.575.043 | 429.893.250 | 16.318.207 | зголемување за ревалоризација согласно проценка за 2018 год. |
| | Рампи за автопарк | 19.322.566 | 19.322.566 | 0 | нема промени |
| | Постојка за електрична и топлинска енергија | 63.430.943 | 63.430.943 | 0 | нема промени |
| | Лифтови и опрема за озвучување | 13.122.154 | 13.122.154 | 0 | нема промени |
| | Машини за чистење и противпожарна заштита | 7.618.627 | 7.618.627 | 0 | нема промени |
| | Канцелариска опрема - мебел | 16.123.803 | 15.890.696 | -233.107 | намалување за вредносно усогласување на средствата согласно попис 31.12.2018 за 304.606 ден.и извршени нови набавки за 112.000 ден. |
| | Компјутерска опрема | 5.790.664 | 4.691.487 | -1.099.177 | намалување за рекласификација на средства за 1.105.315 ден.и извршени нови набавки на компјутери за 61.800 ден. |
| | Опрема за видео надзор | 4.711.812 | 4.711.812 | 0 | нема промени |
| | Возила | 554.700 | 2.390.881 | 1.836.181 | зголемување за рекласификација на средства за 1.105.315 ден. И зголемување за донација 730866 ден. |
| | Спортска опрема и семафори | 111.572.932 | 125.760.911 | 14.187.979 | зголемување за набавка на спортски семафор |
| | Друга опрема што не може да се разграничи | 15.231.354 | 15.047.746 | -183.608 | намалување за вредносно усогласување по попис 31.12.2018 |
| | Билборди и светлечки реклами | 2.216.365 | 2.216.365 | 0 | нема промени |
| | Соларен систем | 12.142.038 | 12.142.038 | 0 | нема промени |
| | Уметнички слики | 60.000 | 60.000 | 0 | нема промени |
| | Опрема за во рекреативен аква парк | 12.635.516 | 12.635.516 | 0 | нема промени |
| | Инвестиции во тек спортска сала | 3.298.999 | 3.298.999 | 0 | нема промени |
| | Постојки и опрема | 2.015.449 | 2.015.449 | 0 | нема промени |
| | Канцелариска опрема | | | 0 | |
| | Вкупно основни средства | 2.883.220.581 | 2.912.198.593 | 28.978.012 | |
| 3 | Исправка на вредност-амортизација | 367.985.160 | 413.081.309 | 45.096.149 | зголемување,заради зголемен основ на амортизација по извршена ревалоризација по проценка 31.12.2018год. |
| 4 | Нето основни средства | 2.515.235.421 | 2.499.117.284 | -16.118.137 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Вложувања во недвижности за изнајмување | 294.365.729 | 317.853.051 | 23.487.322 | зголемување заради ревалоризација по проценка 31.12.2018год. |
| | Депозити од закупци на деловен простор | 0 | | 0 | |
| | Вкупни средства | 2.860.001.424 | 2.870.659.013 | 10.657.589 | |
| B, | ОБВРСКИ | 366.413.463 | 322.285.375 | -44.128.088 | |
| a) | *Тековни обврски* | *105.922.381* | *105.760.950* | -161.431 | |
| | обврски кон добавувачи | 3.180.092 | 6.302.827 | 3.122.735 | зголемување |
| | обврски кон вработени | 1.468.188 | 1.466.450 | -1.738 | зголемувње |
| | обврски за даноци и придонеси | 789.731 | 3.591.996 | 2.802.265 | зголемување |
| | *обврски - кауции и депозити* | 3.397.145 | 2.559.604 | -837.541 | намалување заради вратени депозити |
| | останати краткорочни обврски | 5.800 | | -5.800 | |
| | обврски за членовите на Надзорен одбор | 220.317 | 162.000 | -58.317 | |
| | одложено признавање на приходи | 96.861.108 | 91.678.073 | -5.183.035 | намалување за износот на пресметаната амортизација на средството за делот на државната подршка |
| | обврски - договори на дело | | | 0 | намалување |
| b) | *Долгорочни обврски* | *260.491.082* | *216.524.425* | -43.966.657 | |
| | резервирање на камати | *0* | *21.156.114* | | за полин аква парк- тужба |
| | обврски кон поврзани субјекти – Град Скопје | 260.491.082 | 195.368.311 | -65.122.771 | намалување |
| | Вкупно обврски | 366.413.463 | 322.285.375 | -44.128.088 | |
| V, | КАПИТАЛ | 2.493.587.961 | 2.548.373.638 | 54.785.677 | |
| | основачки капитал - паричен влог | 1.480.776.661 | 1.540.776.661 | 60.000.000 | зголемување на основачкиот капитал во пари |
| | основачки капитал - непаричен влог | | | 0 | |
| | ревалоризациони резерви | 663.712.422 | 637.243.254 | -26.469.168 | намалување согласно проценка 31.12.2018 |
| | ревалоризациони резерви од државна поддршка | 646.623.546 | 660.522.341 | 13.898.795 | зголемување согласно проценка 31.12.2018 |
| a) | Вкупен капитал | 2.791.112.629 | 2.838.542.256 | 47.429.627 | |
| b) | Акумулирана добивка | 0 | | 0 | |
| d) | Акумулирана загуба | -277.257.835 | -270.302.107 | 6.955.728 | намалување за пренос од ревалоризациони резерви на разликата во амортизација пресметана по набавна и ревалоризирана вредност а согласно одредбите на МСС16 |
| v) | Добивка / загуба за период | -20.266.833 | -19.866.511 | 400.322 | |
| | Капитал | 2.493.587.961 | 2.548.373.638 | 54.785.677 | |
| | Вкупно обврски и капитал | 2.860.001.424 | 2.870.659.013 | 10.657.589 | |

info@scboristrajkovski.gov.mk | www.scboristrajkovski.gov.mk

| РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО БЕЗ АМОРТИЗАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | РАЗЛИКА |
| ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 14.319.743 | 16.952.106 | 2.632.363 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2.017.029 | 1.342.281 | -674.748 |
| РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 15.462.002 | 12.140.296 | -3.321.706 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 2.657 | 1.649 | -1.008 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 16.336.772 | 18.294.387 | 1.957.615 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 15.464.659 | 12.141.945 | -3.322.714 |
| РЕЗУЛТАТ ДОБИВКА/ЗАГУБА | 872.113 | 6.152.442 | 5.280.329 |

АКТИВНОСТИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.04.2019 ДО 31.06.2019 ГОДИНА

1. На ден 05.04.2019 година во организација на менаџерот Милорад Цаиќ – Цајо се одржа ретро забава, насловена „Forever Young". За извонредната атмосфера се погрижија диџеите: Вера Јанковиќ, Баџо, Цена, Ерик Фокс, Струја, Бабура Јуниор и диџеј Дајнамајт.




2. Од 05.04. до 07.04.2019 година во Вип Малата сала се одржа Фицбол меморијалниот турнир, кој се одржува во чест на Филип Сотиров-Фиц. На турнирот гостуваа екипите на Барселона од Шпанија, Партизан од Србија, Аудентес од Естонија, Пантер од Црна Гора, Задар од Хрватска, Будуќност Бјелина од Босна и Херцеговина и Балкан од Бугарија на кои ќе им се приклучи домаќинот Партизан Водно Санс.




3. На ден 06.04.2019 година во организација на Балкан медиа концерт одржа српската музичка ѕвезда Саша Ковачевиќ.




4. На 12-13.04.2019 година во Вип Мала сала се одржва Балканскиот карате семинар во организација на Карате центар "Пејов". Мајсторите Ранко Вукотиќ, Зоран Пејов и Милан Ѓокиќ ќе презентираа техниките од традиционалното и спортското карате.




5. На ден 14.04.2019 година се одигра натпревар во кој машката сениорска ракометна репрезентација на Македонија го одигра четвртиот натпревар против репрезентацијата на Исланд во квалификациите за ЕП 2020. Натпреварот заврши нерешено 24:24, полувреме 10:11.





6. На ден 17.04.2019 во Вип Малата сла се одигра вториот натпревар од Куп на ОФМ 1/2 финале помеѓу екипите на ОК Рабонички Скопје и ОК Работнички-жени. Одбојкарките на ОК Рабонички Скопје во овој натпревар се изборија за пласман во ФИНАЛЕ НА КУП.




7. На ден 20.04.2019 година во Вип Малата сала се одигра натпревар од државната лига во одбојка-жени помеѓу екипите на ОК Работнички Скопје и ОК Пелистер Волеј. Натпреварот до доби екипата на ОК Работнички Скопје со 3-0.





8. На ден 03.05.2019 година во организација на Авалон продукција концерт одржа светски познатиот рок музичар Лени Кравиц. Тој го посети Скопје во рамки на европската турнеја која е по повод излегувањето на новиот албум „Raise Vibration".





9. На 04-05.05.2019 година во организација на МТКФ во Вип Малата сала се одржа Европски куп во традиционално карате за јуниори, кадети и деца во сите поединечни и екипни натпреварувачки дисциплини.





10. На ден 08.05.2019 година во Вип Малата сала се одигра натпревар од државната лига во одбојка-жени помеѓу екипите на ОК Работнички Скопје и ОК Наковски Волеј. Натпреварот до доби екипата на ОК Работнички Скопје со 3-1.




11. Во период од 08.05.2019 до 14.05.2019 година се одржа 31-от меѓународен Саем на книгата. На манифестацијата учество земаа добро познатите македонски издавачки куќи, но и оние од регионот, поточно од Унгарија, Србија, Косово и од Албанија.




12. На ден 18.05.2019 година во Вип Малата сала се одигра натпревар од државната лига во одбојка-жени помеѓу екипите на ОК Работнички Скопје и ОК Работнички-жени. Натпреварот до доби екипата на ОК Работнички-жени со 3-1.




13. На ден 19.05.2019 година во организација на Прагма продукција се одржа "YT Show Festival" на кој настапија најпознатите јутубери од Македонија и регионот, како што се Baka Prase, GP, Steffonator, Janko и An Na.





14. На 25-26.05.2019 година во Вип Малата сала се одржа првата интернационална конвенција за тетоважи на учествуваа сите млади уметници како и веќе докажани добро познати наши артисти. Како почесни гости беа повикани професионалните тату мајстори од Германија, Америка, Италија, Грција, Бугарија, Косово, Црна Гора, Србија итн.






15. На ден 31.05.2019 година се одигра натпревар од третата полуфинална пресметка помеѓу КК Работнички и КК Блокотехна. Блокотехна со овој натпвревар има негатива од 1-2 во серијата што се игра до три победи.






16.На ден 31.05.2019 година на паркинг просторот пред СЦ БОРИС ТРАЈКОВСКИ се одржа Саем за иновации- Mini Maker Faire на ко јшто се промовираа најдобрите технолошки иновации во светот.





17.На ден 02.06.2019 година се одигра бараж натпревар на женската ракометна репрезентација на Македонија со Словенија. Сениорската женска репрезентација на Македонија загуби од селекцијата на Словенија во првиот бараж за пласман на СП 2019 во Јапонија со резултат 30:33.





18.На ден 02.06.2019 година во организација на Македонска спортска танцова федерација и ТСК Прима Данца во Вип Малата сала се одржа 25-то национално првенство во спортски танци.





19.На ден 06.06.2019 година во организација на Пасворд Продукција, концерт одржа Светската ѕвезда Андре Риу (André Rieu) прославен како современиот „крал на валцерот". Тој настапи со неговиот 60-член оркестар „Јохан Штраус", во рамки на неговата светска турнеја за 2019-та година.





20.На ден 08.06.2019 година во Вип Малата сала, Eat The Beat во соработка со Македонска Асоцијација за Модерни Танци организираше Државно Првенство во Модерни Танци. Над 1300 натпреварувачи учествуваа на државното првенство во над 27 танц категории од сите возрасти.





21.На ден 09.06.2019 година во организација на Македонската триатлон федерација и Триоџи рејсинг тим, во Вип Базенот и просторот околу истиот се одржа првиот триатлон натпревар.





22. На ден 11.06.2019 година се одигра натпревар во кој актуелниот првак КК Работнички го доживеа вториот пораз во вториот меч од финалната серија со КК МЗТ Скопје. Кошаркарите на МЗТ Скопје се на еден чекор до освојување на седмата шампионска титула, го совладаа големиот ривал Работнички со резултат 69-60.





Скопје, 01.07.2019 година

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
управител
Александар Петровски

Изработил: Ленче Димовска
Марта Димитровска
Контролирал: Рената Стоилковска